**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
бр. 07-763/7
23 јуни 2004 год.

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА

Скопје, јуни 2004 год

Врз основа на член 25, став 1, алинеа 8 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на седница одржана на 16 јуни 2004 год. донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за определување на висината и плаќањето на членарината за членството во Институтот за стандардизација на Република Македонија (во понатамошниот текст: Институт).

Член 2

Секое правно и физичко лице, како и здруженијата на граѓаните кои се членови на Институтот плаќаат членарина.

Член 3

Висината на членарината се определува според следните критериуми:

а. **Претпријатија,** се пресметува врз основа на следната табела

Табела бр.1

| Мали претпријатија (до 50 вработени) | Средни претпријатија (од 51 до 250 вработени) | Големи претпријатија (повеќе од 250 вработени) |
|---|---|---|
| 20 единици | 40 единици | 60 единици |

б. **Образовни институции,** се пресметува врз основа на следната табела:

Табела бр.2

| **До 200 студенти** | **Над 200 студенти** |
|---|---|
| 10 единици | 20 единици |

в. **Институти - установи**

Членарината се пресметува како процент од средната просечна плата во Република Македонија за претходната година.

г.**Здруженија на граѓани и физички лица - граѓани**

Членарината се пресметува како процент од средната просечна плата во Република Македонија за претходната година.

Член 4

Членарината се плаќа еднаш годишно, најдоцна до 30 мај во тековната година за тековната година.

Член 5

Советот на Институот, секоја година одлучува за висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции, како и за процентот од средната просечна плата во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица.

Кога нема посебна одлука за висината на финансиската единица донесена од страна на Советот, тогаш утврдената финансиска единица од претходната година автоматски се прилагодува во зависност од официјалната годишна инфлација.

Член 6

Кога членарината не е платена до утврдениот рок во тековната година и после две последователни писмени опомени, Советот му предллага на Собранието да донесе одлука за исклучување на членот.

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, Претседател на Совет

16.06.2004 год. Софија Кузмановска